Друштво за туризам, угостителство, рекреација
и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ
Бр. 05-1035/1
18.09.2018 год.
СКОПЈЕ

ЕЛЕМ ТУРС
ДООЕЛ - СКОПЈЕ

# ПОКАНА

ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ
ЗА НАБАВКА И МОНТАЖА НА ЕЛЕКТРО ОПРЕМА ЗА РЕГУЛАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ НА ЖИЧАРА, ДВОСЕД СВ. ИЛИЈА ВО СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА, СО ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКОТО ЕНЕРГЕТСКО РЕШЕНИЕ СО НОВОТО РЕШЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И РЕГУЛАЦИЈА ПО СИСТЕМ „КЛУЧ НА РАКА“
ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ДРУШТВОТО ЗА ТУРИЗАМ, УГОСТИТЕЛСТВО, РЕКРЕАЦИЈА И СПОРТ - ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ СКОПЈЕ

## -ИЗМЕНА -

**(бр. 05-1035/1 од 18.09.2018)**

***Септември , 2018***

Почитувани,

Друштвото за туризам угостителство рекреација и спорт **,, ЕЛЕМ ТУРС " ДООЕЛ Скопје** Дирекција, Скопје, Ул. ,, 11 Октомври " Бр. 9, 1000 Скопје, има потреба од набавка и монтажа на електроопрема за регулација и управување на жичара двосед Свети Илија во ски центарот Попова Шапка, со изработка на Проект за прилагодување на постоечкото енергетско решение со новото решение за управување и регулација по систем „клуч на рака".
За таа цел ,,ЕЛЕМ ТУРС" ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст - Набавувач) спроведува постапка за доделување на договор за набавка на горенаведените производи, со Оглас кој е поставен во делот ,, Набавки „ на страницата **www. elemturs.mk** .

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведената набавка за доделување на договор за набавка, најдоцна **до 26.09.2018 година во 15 часот** (по локално време) по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивата на Дирекцијата на ЕЛЕМ Турс, Скопје.

Исто така, Ве информираме дека Поканата за прибирање на понуди ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата и истата може да ја преземете во делот за Набавки од страницата **www.elemturs.mk**, да ја добиете по електронски пат или лично да ја подигнете во просториите во архивата на Дирекцијата на ЕЛЕМ Турс, Скопје.

Поканата се состои од следните делови:

- инструкции за понудувачите
- технички спецификации
- образец на понудата
- изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба

Однапред Ви благодариме на соработката.

Место, Одговорно лице

**Скопје , 18.09.2018 година** **XHEMAIL JUSUFI**

Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ СКОПЈЕ

# Инструкции за понудувачите

**1.Корисник на стоките ,услугите и работите (во понатамошниот текст ,, Набавувач")**

Набавувачот на стоки, услуги и работи е Друштвото за Туризам Угостителство Рекреација и Спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје:

- Ул. ,, 11 Октомври " Бр. 9 Скопје
- Телефони за контакт :02 3 149 128
- Контакт лице: Маја Станојевска, maja.stanojevska@elemturs.mk

**2.Предмет на Договорот за набавка**

2.1. Предмет на договорот за набавка е согласно со Годишниот план за набавки за 2018 година на Друштвото за Туризам Угостителство Рекреација и Спорт ,, ЕЛЕМ ТУРС " ДООЕЛ Скопје .

2.2. **Предметот на договорот е неделлив по позиции наведени во техничката спецификација .**

**3.Начин на извршување на предметот на договорот**

3.1. Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача на следниов начин :

-Договорот со избраниот понудувач ќе започне да се реализира веднаш по неговото потпишување и стапување на истиот во сила.

- Место на изведба: Жичара двосед Свети Илија, Ски центар Попова Шапка, Тетово

**4. Рок на испорака/за извршување на услугата**

5.1. Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на Договорот : Вкупно максимални 90 календарски денови.

**5. Начин на плаќање**

5.1. Начинот на плаќање е вирмански, во рок од 90 дена, од денот на пристигнувањето на фактурата кај Набавувачот.

## 6. Право на учество

6.1. Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка.

## 7. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

За да учествуваат во постапката за доделување на Договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

### 7.1. Лична состојба

- во последните 5 (пет) години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и Договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара Набавувачот.
- Докумнетите за докажување на личната состојба не треба да бидат постари од 6 месеци.

### 7.2. Способност за вршење на професионална дејност

Понудувачот задолжително треба да ги исполнува следните услови за вршење на професионална дејност:

- Понудувачот треба да достави копија од Тековна состојба и Доказ за регистрирана дејност (ДРД – образец), но не постари од 6 месеци.
- Понудувачите треба да достават „Референтна листа" и други докази со кои ја потврдуваат способноста за вршење на професионалната дејност.
- Понудувачот треба да има минимален просечен вкупен приход за последните три години во износ од 1.000.000,00 мкд (збир на трите години/3) и за таа цел треба да достави :

  - извод од целокупниот промет/севкупните средства имот (податок од Извештајот за билансот на состојба и податоци од билансот на успех издаден од надлежен орган (Централен Регистар), односно ревидиран биланс на успех/состојба) и тоа најмногу за последните три финансиски години за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации.

- Доколку економскиот оператор ја врши дејноста во период помал од три години, минималните услови за утврдување на економската и финансиската состојба е економскиот оператор да ги остварил во годините за кои постојат податоци.

-Доколку билансите на состојба и успех биле предмет на комерцијална ревизија, економскиот оператор може да ги достави истите како доказ дека ги исполнува минималните услови за утврдување на економската и финансиската состојба без да бидат дополнително заверени од надлежен орган.

-Доколку билансите на состојба и успех не биле предмет на комерцијална ревизија, економскиот оператор ги доставува истите заверени, односно издадени од надлежен орган како доказ дека ги исполнува минималните услови за утврдување на економската и финансиската состојба. Надлежен орган во република Македонија е Централниот регистар на Република Македонија.

## 8. Начин на докажување на способноста на понудувачот

8.1. Комисијата за набавки, доколку процени дека е неопходно да ја процени способноста на понудувачот, го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната и професионалната состојба

8.1.1. Понудувачот треба да достави докази за потвда за негова техничка и професионална способност:

- Референтна листа со потврди од најмалку еден корисник, која ќе се однесува исклучиво на работи од ваква или слична природа изведени во последните 5 години.
- Лиценца А за изведувач, за изведба на градби од прва категорија, издадена од Министерство за транспорт и врски
- Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија, издадена од Министерство за транспорт и врски,
- Договор за соработка со правно лице кое е носител на лиценца А за ревизија на проектна документација од прва категорија, согласно Законот за градење (Сл.весник на РМ бр.130/09,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12 и 25/13), со вработен ревидент (од страна на правното лице кое ќе ја врши ревизијата) кој поседува "А" Овластување за ревизија на проектна документација, кој не учествувал во изработката на проектната документација за која е ангажиран како ревидент.
- Понудувачот треба да достави копија од Тековна состојба и Доказ за регистрирана дејност - ( ДРД – образец ), но не постари од 6 месеци.
- Да поседува уреди и алат за демотажа и монтажа на електро опремата согласно спецификацијата и вршењето на соодветни тестови - функционен тест и тест за товар.
- Доказ за располагање со соодветен кадар за извршување на предметот на набавката - Изјава дека располагаат со ваков кадар или изјава за ангажиран технички персонал и тоа:

  -Да има минимум 2 дипл.ел.инженер со овластување А за изведба на градби, издадено од Комора на овластени архитекти и инженери на Р.М

-Да има минимум 1 дипл.ел.инженер со овластување А за изработка на проектна документација од ЕЛЕКТРОТЕХНИКА, издадено од Комора на овластени архитекти и инженери на Р.М
-минимум 2 електро техничар за извршување на ваков тип на работа

- Понудувачот кој ке биде избран за најповолен понудувач , треба да достави сертификати и А - тести за опремата која е предмет на набавка согласно техничката спецификација.

**9. Појаснување, изменување и дополнување на условите во Поканата за прибирање на понуди**

9.1 Понудувачот може да побара појаснување на Поканата или Техничките спецификации од Набавувачот во електронска форма или во писмена форма, најдоцна 3 дена пред крајниот рок за поднесување понудите.
9.2 Појаснувањето Набавувачот ќе го достави до сите понудувачи што добиле покана за прибирање на понуди или подигнале Покана за прибирање на понуди, без при тоа, да се идентификува понудувачот што побарал појаснување.
9.3 Набавувачот може по потреба, да ја измени или дополни Поканата за предметот на набавка, најдоцна 3 (три) дена пред денот на завршување на крајниот рок за поднесување на понуди и навреме да ги информира понудувачите за промените.
9.4 Посета на локација може да се организира на барање на понудувачот, а во претходна координација со набавувачот со цел увид на жичарата и увид во постоечката документација, најдоцна 5 (пет) дена пред денот на завршување на крајниот рок за поднесување на понуди.

**10. Изготвување и поднесување на понудите**

10.1. Начин на изготвување на понудата
Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во Поканата за прибирање на понуди, со користење на обрасците дадени во прилог.

10.2. Елементи на понудата
Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Информации за понудувачот
- Техничка понуда
- Финасиска Понуда
- Рок за извршување на работите
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба

10.3 Цена и Период на важност на понудата

- Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот , да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.
- Цената на понудата се пишува со бројки и букви.
- Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека договорот ќе

биде извршен, набавувачот од понудувачот бара во писмена форма и пред одбивање на понудата, детали околу понудата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите што биле доставени за оправдување на цената на понудата. Ако понудувачот не успее да објасни во писмена форма , кои се причините за таквата цена во рок од три дена од датумот на поднесување на барањето, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.

- Цената на понудата се изразува во денари
- Периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

## 12. Краен рок и место за поднесување на понудите

12.1. Краен рок за поднесување на понудите е **26.09.2018 година, во 15 часот**. Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.
12.2 Понудите се поднесуваат во архивата на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, Дирекција или по пошта со потврда за поштенска пратка на истата адреса .
12.3.Бараната-придружната документација се доставуват во запечатен внатрешен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на понудувачот , најдоцна до крајниот рок на отварање на понудите. Така запечатениот внатрешен плик се затвора во надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на набавувачот ;
- содржи информација за бројот на огласот за доделување на договор за јавна набавка и датумот на кој е објавен;
- во горниот лев агол стои предупредување „Не отворај",за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на понудата.

12.4 Понудувачот доставува Гаранција на понуда во оригинал.
12.5 Ако пликовите не се запечатени и обележани како што се бара, набавувачот не презема одговорност за нивно ненавремено и некомплетно пристигнување во неговата архива или за предвремено отворање на понудата.

## 13. Критериум за доделување на Договорот

13.1. Критериуми за доделување на Договорот за набавка е најниска цена. За носител на набавката ќе биде избран оној понудувач кој ќе понуди најниска цена чија понуда претходно е оценета како прифатлива понуда врз основа на исполнувањето на условите за личната состојба на понудувачот и способноста за вршење на професионална дејност.

13.2. Прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од поканата за прибирање на понуди и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

13.3. Прифатливата понуда покрај вкупната најниска цена како основен критериум за доделување на договор, мора да ги задоволи и обезбеди потребниот степен на квалитет на стоките,услугите и работите, навремената испорака и флексибилноста во однос на предметот на набавка за потребите на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ .

Заради евалуација цената на понудата ќе се пресметува како цена без ДДВ, при што најмногу бодови ќе добие понудата која има најниска понудена цена, согласно Формулата:

$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Најниска цена вез ДДВ х максимален број на бодови}}{\text{Цена (без ДДВ)}}$$

**14. <u>Доделување на договорот за набавка</u>**

<u>14.1.</u>Набавувачот по спроведената евалуација на понудите како последна фаза во постапката за Покана за прибирање на понуди, договорот му го доделува на понудувачот чија понуда има најниска цена и ги исполнува условите за прифатлива понуда.
<u>14.2.</u> Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, од ист бренд и квалитет за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата.
<u>14.3.</u> Доколку во две или повеќе понуди се понудат производи од ист бренд и квалитет за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој поднел најниската цена на производот.
<u>14.4.</u> Доколку во две или повеќе понуди се понудат производи со неверојатно ниска цена и сомнителен квалитет од нереномиран производител за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој поднел прифатлива цена на производот согласно критериумите за економски најповолна понуда.

**<u>15. Известување за доделување на договорот за набавка</u>**

<u>16.1.</u> По завршувањето на изборот на носителот на набавката Комисијата за набавки е должна да достави Известување до сите учесници во постапката за изборот на најповолната понуда најдоцна во рок од 5 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

**<u>16. Гаранција за извршување на договорот</u>**

<u>17.1.</u> Избраниот понудувач на кој ќе му биде доделен договорот за набавка гаранција за квалитетно извршување на Договорот во вид на банкарска гаранција.
<u>17.2.</u> Висината на гаранцијата за квалитетно извршување на Договорот ќе изнесува 3 % од вкупната вреност на набавката .
<u>17.3</u>. Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма, треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.
<u>17.4.</u> Гаранцијата за квалитетно извршување на Договорот, избраниот најповолен понудувач ја доставува по добиеното Известување за извршениот избор, а пред склучување на Договорот во рок определен од Набавувачот во Известувањето.

- Во договорот за набавка со избраниот понудувач, ќе се предвиди одговорност за недостатоци што би се покажале за време од две години (гарантен рок) од денот на завршувањето на работите во согласност со одредбите од Законот за облигационите односи. Истото важи и за проектантот ако недостатокот произлегува од некој недостаток во проектот.

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот бр. **05-1035/1 од 18.09.2018** година објавен од страна на Друштвото за туризам и угостителство рекреација и спорт ,,ЕЛЕМ ТУРС" ДООЕЛ, Дирекција Скопје, за доделување на договор за набавка и монтажа на електроопрема за регулација и управување на жичара двосед Свети Илија во ски центарот Попова Шапка, со изработка на Проект за прилагодување на постоечкото енергетско решение со новото решение за управување и регулација по систем „клуч на рака" со спроведување на постапка со Покана за прибирање на понуди, на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

## П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот:

__________________________________________________________

I.2. Контактинформации:

__________________________________________________________

Адреса:__________________________________________________

Телефон:_________________________________________________

Факс:____________________________________________________

Е-пошта: _________________________________________________

Лице за контакт:___________________________________________

I.3. Одговорно лице:

__________________________________________________________

I.4. Даночен број:

__________________________________________________________

I.5. Матичен број:

__________________________________________________________

**Дел II – Техничка понуда**

Согласни сме да ги прифатиме условите, начинот, рокот на испорака и рокот за плаќање утврдени во поканата.

**Дел III – Финансиска понуда**

Финансиската понуда со комплетната спецификација на понудените цени е доставена во прилог на Понудата .
Нашата понуда важи за периодот утврден во Поканата за прибирање на понуди и се согласуваме со условите и начинот на плаќање утврден во неа.

Вкупна цена на нашата понуда по систем "клуч на рака" , вклучувајќи ги сите трошоци и попусти без ДДВ изнесува:________________________*[со бројки]* (______________________________________________________________________________________________________________________________) *[со букви]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува ________________________________________*[со бројки]* (____________________________________________________________) *[со букви]* денари.

**Дел IV – Рок на извршување на работите**

Согласни сме со зададениот начин и рок за извршување на работите дефиниран од страна на Набавувачот.
Доколку нашата понуда биде избрана за најповолна, подготвени сме да доставиме гаранција за квалитетно извршување на договорот согласно барањата од оваа тендерска документација.
Свесни сме дека не сте обврзани да извршите избор на најповолна понуда односно, дека постапката можете да ја поништите Правилникот за спроведување на интерните процедури за набавка на стоки , услуги и работи на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје.

Место и датум

Одговорно лице на понудувачот
Име и Презиме

________________________________
(потпис и печат)

М.П

# Т Е Х Н И Ч К А    С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Рб | Опис на предметот на набавката | Ед.мера | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| | **ЕЛЕКТРО ОПРЕМА** | | | | |
| 1 | Метален разводен ормар 2x(1800x800x600мм) ВxШxД со степен на заштита IP55 со уред за греење и ладење со максимална снага 2,5kW | пар | 2 | | |
| 2 | Главен прекинувач со термомагнетна заштита 630A,исклопна струја 55kA,со соодветни приклучоци за шини и помошни контакти за мониторинг на состојби. | пар | 1 | | |
| 3 | Катоден одводител на пренапон со заменливи патрони 3P+N, Imax=100kA/In=25kA со помошен контакт, и автоматски прекинувач крива C 50A | пар | 1 | | |
| 4 | Реле за присуство,редослед на фази, со светлосна индикација за пренапон и поднапон. | пар | 1 | | |
| 5 | Сигурносено реле за итен прекин, напојување 24 V AC/DC со висок степен на безбедност и SIL3 согласно со DIN EN 50178/VDE 0160 | пар | 1 | | |
| 6 | Регулатор за мотор на еднонасочна струја во два квадранти Class DCIII, напон на напојување 400VAC,степен на заштита IP20 мотор со следниве карактеристики:<br><br>-номинална струја на арматура 503A<br>-номинален напон на арматура 420VDC<br>-номинална струја на возбуда 12A<br>-номинален напон на возбуда 216VDC<br>-контролен дисплеј за подесување на параметри<br>-Profibus/Profinet комуникација<br>-Минимум 8 Дигитални влезови/излези<br>-Минимум 4 Аналогни влезови/излези<br>-Влез за температурна сонда од мотор<br>-Картичка за енкодер<br>- Ултра брзи топливи осигурачи за арматура со соодветен носач, aR карактеристика<br>- Ултра брзи топливи осигурачи за возбуда со соодветен носач, aR карактеристика<br>- Контактор за арматура<br>- Контактор за возбуда | пар | 1 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Трансформатор за галванско одвојување од напојната мрежа 400V/230V 100VA, со заштита на примарната и секундарната намотка на трансформаторот за галванско одвојување 6А крива С, исклопна струја 6кА. | пар | 1 | | |
| 8 | Инкрементални Енкодери, изработени според највисоки стандарди за безбедна работа со електромоторни погони и да поседуваат сертификат за висок степен на безбедност и SIL3 согласно со DIN EN ISO 61800-5-2 или PLe со DIN EN ISO 13849.<br>Напојување 10-30VDC, Сигнал на излез TTL,HTL,Sin-Cos.<br>Да поседуваат висок степен на заштита, отпорност на вибрации, IP67,широк температурен работен опсег,заштита од инверзен поларитет. | пар | 2 | | |
| 9 | Сигурносен Модул за мониторинг на позиција и брзина.<br>Напојување 24VDC. Интерфејс за енкодери и дигитални влезови/излези. Сигурносниот модул треба да обезбеди висока безбедност на работа (Ниво c, d или e) и моиторинг на погонски оски согласно EN 61800-5-2 стандардот. | пар | 1 | | |
| 10 | Програмибилен логички контролер за стандардни и "Fail Safe" апликации со рак-шина.<br>-Процесорскиот модул да има 225 KB програмска и 1 MB податочна меморија.<br>Програмибилниот логички контролер да Одговара за сигурна работа во тешки екстремни услови:<br>Температура на околина од -25 ° C до + 40 ° C<br>Отпорност од Кондензација, зголемена влажност, зголемен степен на заштита (прашина, вода)<br>-Модул со 32 дигитални влеза.<br>-Модул со 16 дигитални влеза.<br>-Модул со 16 дигитални излези.<br>-Аналоген модул со 8 влеза.<br>-Profibus/Profinet комуникација | пар | 1 | | |
| 11 | Непрекинато напојување влез 24 V DC, излез: 24 V DC/10A за ПЛЦ со соодветни автоматски осигурачи | пар | 1 | | |
| 12 | Батерија за непрекинато напојување 24 V DC, 12 Ah | пар | 1 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Компактен монолитен моторен прекинувач со термомагнетна заштита и контактор со помошни контакти 0-12А | пар | 1 | | |
| 14 | Операторски пулт ширина 800мм со вградени<br>- Гребен за селекција на приказ на волтметар<br>- Волтметар РСТ<br>- Амперметар<br>- Тастери Старт-Стоп<br>- Тастер за итен прекин<br>- Потенциометар за задавање на брзина<br>- Контролен екран на допир 9" LCD, Profibus/Profinet за комуникација со ПЛЦ, за приказ на статуси, аларми, настани,итн.<br>- Греење и ладење за операторскиот пулт | пар | 1 | | |
| | **АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКА** | | | | |
| 1 | демонатажа на постоечката опрема предмет на замена | | | | |
| 2 | монтажа на новата опрема согласно горенаведена спецификација | | | | |
| 3 | извршување на функционален тест | | | | |
| 4 | извршување на тест под товар | | | | |
| 5 | Изработка и ревизија на Проект за прилагодување на постоечкото Енергетско решение со новото решение за управување и регулација | | | | |

Напомена:

Квалитетот на стоките треба да бидат во согласност со важечките стандарди и прописи, како и со барањата наведени во техничката спецификација.

Техничката спецификација ја изготвуваат стручни и одговорни лица од работните единици на кои се однесува предметот на набавката, земајќи ги во предвид исклучиво производите коие се однесуваат на предметот на набавката за потребите на подружницата.

Изготвил,
Име и презиме
SHABAN. OSMANI

Одобрил,
Име и презиме
____________________

**Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба**

# И З Ј А В А

Под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека понудувачот _______________________________________,во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба на понудувачите утврдени во Поканата и условите наведени во Поканата за прибирање на понуди со бр. **05-1035/1 од 18.09.2018 година,** за набавка и монтажа на електроопрема за регулација и управување на жичара двосед Свети Илија во ски центарот Попова Шапка, со изработка на Проект за прилагодување на постоечкото енергетско решение со новото решение за управување и регулација по систем „клуч на рака " објавен од страна на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје Дирекција, Скопје и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во Поканата за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на Набавувачот доколку нашата понуда ќе биде избрана за најповолна во однос на наведените критериуми и прифатливи барања.

**Место и датум** **Одговорно лице**

**(потпис)**

*Оваа изјава може да биде потпишана и од лице овластено од одговорното лице.